Јавна здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ИНФЕКТИВНИ
БОЛЕСТИ И ФЕБРИЛНИ СОСТОЈБИ
Бр. 0202-3132
03.11. 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 199/14 и 27/16)и член 100 став 5 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16и 37/16),Управниот одбор **на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје** на 03.10.2019 година донесе

П р а в и л н и к
за систематизација на работните места во ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје

I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овојправилник се утврдува вкупниот број на вработените (даватели на услуги,административни службеници, помошно – технички лица) во **ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје**, распоредот, шифрите, називите и описот на работните места по организациони единици посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во **ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје** се определуваат, во согласност со нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во **ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје.**

Член 4

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во**ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје** е составен дел на овој правилник.

II.РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

Член 5

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 204 работни места на даватели на услуги, административни службеници и помошно – технички лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на**ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје,** од кои се пополнети 165 работни места.

Член 6

(1) Работните места административните службеници согласно Законот за административните службеници се распоредени на следниот начин:

- Ниво Б01 – вкупно **1 извршител**
- Ниво Б02 – вкупно **2 извршители**
- Ниво В01 – вкупно **4 извршители**
- Ниво Г01 – вкупно **4 извршители**
- Ниво Г03 – вкупно **18 извршители**

(2)Работните места на помошно – техничките лица се распроредени на следниот начин:

- Подгрупа 2, Ниво А04 – вкупно **2 извршители**
- Подгрупа 4, Ниво А02 – вкупно **2 извршители**
- Подгрупа 4, Ниво А03 – вкупно **1 извршител**
- Подгрупа 5, Ниво А02 – вкупно **2 извршители**
- Подгрупа 5, Ниво А03 – вкупно **15 извршители**
- Подгрупа 5, Ниво Б05 – вкупно **11 извршители**

(3) Работните места даватели на услуги согласно Законот за здравствената заштита се распоредени на следниот начин:

Категорија А – раководни работници на внатрешни организациони единици и други:

- Ниво А01 – вкупно **12 извршители**
- Ниво А14 – вкупно **27 извршители**
- Ниво А17– вкупно **11 извршители**

Категорија Б – здравствени работници со високо стручно образование од областа на медицината:

- Ниво Б01 – вкупно **1 извршител**
- Ниво Б02 – вкупно **12 извршители**
- Ниво Б03 – вкупно **17 извршители**

Категорија Г – здравствени работници со средно стручно образование од областа на медицината:

- Ниво Г03 – вкупно **52 извршители**
- Ниво Г04 – вкупно **5 извршители**

Категорија Д – здравствени соработници:

- Ниво Д01 - **3 извршители**
- Ниво Д06 - **2 извршители**

Член 7

Посебни услови утврдени со закон за даватели на услуги од областа на здравството од Категорија А се:
ниво на квалификациите според Македонската рамка на квалификации најмалку за завршени студии на медицински факултети
познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис, или ТОЕФЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

Член 8

Посебни услови утврдени со закон за даватели на услуги од областа на здравството од Категорија Б се:
ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; и
познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоапоседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис, или ТОЕФЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.
сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и да поседуваат уверение за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) на А1 нивото.

Член 9

Посебни услови утврдени со закон за даватели на услуги од областа на здравството од Категорија В се:
ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации, и
сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење.

Член 10

Посебни услови утврдени со закон за даватели на услуги од областа на здравството од Категорија Г се:
средно образование, и
сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење.

Член 11

Посебни услови утврдени со закон за даватели на услуги од областа на здравството од Категорија Д се:
за нивоата Д1, Д,2, Д3, Д4, Д5 и Д6, ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1

степен;
за нивото Д7 вишо образование
за нивоата Д1, Д,2, Д3, Д4, Д5 и Д6 меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис, или ТОЕФЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, и за сите работни места од категоријата Д сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење.

Член 12

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеницизa раководните административни службеници од категоријата Б се:
Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
потврда за положен испит за административно управување,
работно искуство, и тоа:
за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,
за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

(2) Потреби општи работни комепетенции на напредно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
  стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

Член 13

(1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:

- стручни квалификации, и тоа:
- за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, работно искуство, и тоа:
- за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
- за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
- за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
- за нивото В4 со или без работно искуство во струката;

познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски,германски)

(2) Потреби општи работни компетенции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 14

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеницизa помошно - стручни административни службеници од категоријата Г се:

- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

(2)Потреби општи работни компетенции на основно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 15

Посебни услови утврдени со закон за помошно – техничките лица се:

- Вработените во следниве подгрупи, односно категории и нивоа треба да имаат најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен:
  - подгрупа 1, категорија А ниво А1 и
  - подгрупа 1, категорија Б ниво Б1.
- Вработените во следниве подгрупи, односно категории и нивоа треба да имаат најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VI/1 степен:
  - подгрупа 1, категорија А ниво А2, и
  - подгрупа 1, категорија Б ниво Б2.
- Вработените во следниве подгрупи, односно категории и нивоа треба да имаат најмалку основно образование:
  - подгрупа 2, категорија А ниво А4
  - подгрупа 4, категорија А ниво А3
  - подгрупа 5, категорија А, ниво А2, ниво А3 и А4,
  - подгрупа 5, категорија Б, ниво Б3, Б7, Б8, Б9 и Б10.

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје

Реден број и шифра	1. ЗДР 0102 Б01 002
Звање на работно место	Секретар на клиника
Назив на работно место	Секретар на клиника
Број на извршители	1
Вид на образование	економски науки, правни науки и организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	- има минимум пет години работно искуство од економијата, финансиите, правото или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здрвственото осигурување; – сертификати од областа на менаџментот,
Работни цели	Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	- организацијата на работа во делот на работата на вработените во јавната здравствена установа кои не се здравствените работници и здравствените соработници, - контрола на почитувањето на работното време од страна на сите вработени во јавната здравствена установа и распоред на здравствените работници и здравствените соработници во смени и определување на групи за работа и - контрола на материјално-финансиското работење на јавната здравствена установа, - одлучување за правата и обврските кои произлегуваат од работниот однос на вработените во јавните здравствени

	установи, - контрола на снабденост на јавната здравствена установа со потрошни материјали, - одлучува во изготвување на предлог на план за јавни набавки и доставување до управниот одбор на јавната здравствена установа на донесување, како и за планирање, одлучување, потпишување на договори за јавни набавки, следење и реализација на јавните набавки за потребите на јавната здравствена установа, - за вработување во јавната здравствена установа и за престанок на работен однос на здравствените работници, - одобрува распоред на здравствените работници и здравствените соработници во смени и определување на групи за работа
Одговара пред	Директорот

Реден број и шифра	2. ЗДР 01 02 В01 014
Звање на работно место	Советник - внатрешен ревизор
Назив на работно место	Внатрешен ревизор
Број на извршители	1
Вид на образование	Економски науки
Други посебни услови	– положен испит за овластен ревизор
Работни цели	– Реализирање и спроведување на работните должности и задачи од делокругот на сметководствената контрола – Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	– Самостојно извршува најсложени работи и задачи одделокругот на неговото работење; – Ја следи постоечката законска регулатива од областа на сметководството, материјалното и финансиското работењеи се грижи за нејзина правилна примена и толкување; – Изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик; – Извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови; – Процена и контрола на целокупното финансиско и сметководствено работење во Клиниката; – Контрола и усогласување со законските, подзаконските и интерните акти и договори; – Контрола на веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации и безбедноста на имотот; – Давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури; – Мониторинг на спроведувањето на мерките преземени од раководителот на Клиниката врз основа на извршените ревизии;

	– Одговара за уредноста и ажурноста во работата по предметите и вршење на административните работи за прашања од областа на внатрешната ревизија;
Одговара пред	Директорот

1.1. Сектор за материјално финансиски работи и сметководство

Реден број и шифра	3. ЗДР 01 02 Б02 003
Звање на работно место	Раководител на сектор за материјално финансиски работи и сметководство
Назив на работно место	Раководител на сектор за материјално финансиски работи и сметководство
Број на извршители	1
Вид на образование	Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	– Реализирање и спроведување на работните должности и задачи од делокругот на сметководствената контрола – Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	– ја организира работата во секторот и го координира работењето; – самостојно извршува најсложени работи и задачи одделокругот на неговото работење; – ја следи постоечката законска регулатива од областа на сметководството, материјалното и финансиското работење и се грижи за нејзина правилна примена и толкување; – врши ex-ante сметководствена контрола, на целокупната документација пред да се изврши плаќањето (врши математичка, формална и контрола на регуларноста на сметководствената документација пред да се изврши плаќањето врз основа на изготвени анализи за проверки); – ја следи и координира реализацијата на договорите за јавни набавки – врши контрола на целокупната материјалнадокументација – врши подготвување на завршна сметка и периодични извештаи за извршувањето на буџетот; – ги подготвува основните финансиски извештаи (биланс на состојба, биланс на приходите и расходите, консолидиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување и белешки /образложение кон финансиските извештаи); – врши сметководствено евидентирање на достасанитеобврски и основните средства; – исплата по сметководствена документација;

Одговара пред	Директорот

1.1. Сектор за материјално финансиски работи и сметководство

	4. ЗДР 01 02 В01 010
Звање на работно место	Советник за материјално - финансиско работење
Назив на работно место	Економист
Број на извршители	1
Вид на образование	Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	– Реализирање и спроведување на работните должности и задачи од делокругот на сметководствената контрола – Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	– самостојно извршува најсложени работи и задачи одделокругот на неговото работење – ја следи постоечката законска регулатива од областа на сметководството, материјалното и финансиското работење и се грижи за нејзина правилна примена и толкување; – врши ex-ante сметководствена контрола, на целокупната документација пред да се изврши плаќањето (врши математичка, формална и контрола на регуларностана сметководствената документација пред да се изврши плаќањето врз основа на изготвени анализи за проверки); – ја следи и координира реализацијата на договорите за јавни набавки – врши контрола на целокупната материјална документација – врши подготвување на завршна сметка и периодични извештаи за извршувањето на буџетот; – ги подготвува основните финансиски извештаи (биланс на состојба, биланс на приходите и расходите, консолидиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување и белешки/образложение кон финансиските извештаи); – врши сметководствено евидентирање на достасаните обврски и основните средства; – исплата по сметководствена документација; – подготвува извештаи за планирани и потрошени средства по ставки (споредбен табеларен приказ), согласно член 47 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола

Одговара пред	Раководител на сектор

1.1. Сектор за материјално финансиски работи и сметководство

	4-а ЗДР 01 02 В01 016
Звање на работно место	Советник за јавни набавки
Назив на работно место	Советник за јавни набавки
Број на извршители	1
Вид на образование	Економски науки
Други посебни услови	Сертификат за положен испит за јавни набавки издаден од Бирото за јавни набавки Странски јазик ниво А2
Работни цели	- Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	- ги следи, проучува и се грижи за примена на законските нормативи со кој се регулираат јавните набавки; - подготвува интерни акти/процедури за јавни набавки, врши координација на потребите за јавни набавки во субјектот и подготовка на годишен план за јавни набавки - учествува во изработката на тендерската документација и тендерски документи - подготовува огласи за јавни набавки и тендерска документација, води евиденции на јавните набавки што се вршат во субјектот по видови на постапки и евиденции на другите набавки по видови - учествува како член во комисијата кај постапките за доделување договор за јавна набавка со проценета вредност над 130.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и над 5.000.000 евра во денарска противвредност за работи, - ги ажурира податоците кои согласно со овој закон се доставуваат во ЕСЈН, - дава насоки и упатства на договорниот орган во

	- ги ажурира податоците кои согласно со овој закон се доставуваат во ЕСЈН, - дава насоки и упатства на договорниот орган во врска со постапување во жалбената постапка во соработка со комисијата, - вршење документирана контрола на комплетноста и исправноста на целокупната документација и ја следи и координира реализацијата на договорите за јавни набавки - ја планира динамиката на извршување на тендерите согласно Буџетот на министерството и ги координира и дава упатства во текот на работењето за работи кои произлегуваат од област на јавните набавки
Одговара пред	Раководител на сектор

1.1. Сектор за материјално финансиски работи и сметководство

Реден број и шифра	5. ЗДР 01 02 Г01 008
Звање на работно место	Самостоен Референт за јавни набавки
Назив на работно место	Самостоен Референт за јавни набавки
Број на извршители	1
Вид на образование	Вишо /средно економско
Други посебни услови	Сертификат за јавни набавки од Биро за јавни набавки
Работни цели	Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	– изготвува годишен план за јавни набавки во соработка со Директорот на ЈЗУ и стручните служби во ЈЗУ; – изготвува одлуки, решенија, известувања и други акти од сегментот јавни набавки; – изготвува тендерска документација во соработка со Комисијата за јавни набавки, Директорот и стручните служби во ЈЗУ; – испраќа покани за поднесување понуди до економските оператори; објавува огласи за доделување на договор за јавна набавка – помага при испраќање на огласи за доделување на јавни набавки, во биро за јавни набавки и Службен весник на РМ.; – испраќа известувања за извршен избор до понудувачите; – изготвува договори по завршени постапки за јавни набавки; – ги координира Комисиите за јавни набавки на Клиниката; – води регистри за извршените набавки на Клиниката;

	– доставува регистри и известувања за склучени договори за јавни набавки до бирото за јавни набавки, согласно ЗЈН;
Одговара пред	Раководител на сектор

1.1. Сектор за материјално финансиски работи и сметководство

Реден број и шифра	6. ЗДР 01 02 Г03 010
Звање на работно место	Референт контер
Назив на работно место	Референт-контер / сметководител
Број на извршители	1
Вид на образование	Средно економско /Вишо
Други посебни услови	
Работни цели	Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	– ја прима целокупната материјално-финансиска документација, ја контира, ракува со истата и е одговорна за нејзино чување; – одговорен е за салдо конти (правилно евидентирање-контирање и сложување со добавувачите, како и грижа за навремено плаќање на долговите кон истите); – составува налози за книжење, кои ги доставува до централното; книговодство, а другиот примерок копирно го книжи во главна книга и во дневник; – врши усогласување / месечно и тромесечно / со централното сметководство и доставува потребни извештаи за материјално-финансиското работење на Клиниката; – врши собирање на картици од главна книга, ги ускладува со дневникот и составува месечен бруто биланс; – врши усогласувања на контата од класа 3 со материјалниот книговодител и контата од група побарувања со фактуристите;

	– одговорен е за точноста и ажурноста на извршените задачи во отсекот , на раководителот на секторот;
Одговара пред	Раководител на сектор

1.1. Сектор за материјално финансиски работи и сметководство

Реден број и шифра	7. ЗДР 01 02 Г03 009
Звање на работно место	Референт - книговодител
Назив на работно место	Референт - матерјален книговодител
Број на извршители	1
Вид на образование	Вишо/ средно економски
Други посебни услови	
Работни цели	Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	– изготвува налози за финансиско и материјално задолжување на магацинот, врз основа на испратници од централен магацин; – води аналитичка евиденција на основни средства,пресметува амортизација и валоризација на истите; – води аналитички картици на материјали на залиха, ситен инвентар / на залиха и во употреба / , на материјалите во обработка и доработка и на лекови и на медицински потреошен материал; – ја усогласува аналитичката евиденција со состојбата на магацинот и со финансиското книговодство; – изготвува пресметка на потрошени материјали по принципот просечни цени; – врз основа на пописните листио врши споредување на фактичката со книговодствената состојба, утврдува кусок и вишок и врши нивно книжење, согласно со одлука на надлежен орган; – ја следи исцрпеноста на предметот на јавна набавка согласно спецификацијата во тендерската документација и склучните договори – ги контролира фактурите за наплата дали соодветствуваат со предемтот од договорот за јавна набавка – заедно со претседателот на пописната комисија припрема материјали за редовни и вонредни поиси и се грижи за нивно навремено извршување, ги комплетира материјалите добиени од пописот и истите ги доставува на понатамошно евидентирање во сметководството; – за својата евиденција припрема документи за потрошениот ситен инвентар во употреба, припрема материјали за расходување на истиот доколку се јави по пописот и воедно ја известува комисијата задолжена за спроведување на поисот за вредноста на ситниот

	потрошен материјал што е предмет на расходување
Одговара пред	Раководител на сектор

1.1. Сектор за материјално финансиски работи и сметководство

Реден број и шифра	8. ЗДР 01 02 Г03 013
Звање на работно место	Референт-благајник
Назив на работно место	Референт-благајник
Број на извршители	1
Вид на образование	Вишо / средно економско
Други посебни услови	
Работни цели	Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	– прави подготвителна пресметка на плати и надоместоци од плати; – врши исплата на детски додаток, хонорар и други примања на вработените; – води евиденција на потрошувачки кредитии други одбитоци од плата на вработените и се грижи за нивна исплата; – врши наплата на приватни сметки и наплата на партиципација за стационарни пациенти; – врши приемна на платена партиципација по квитанции од амбулантите; – подига готови пари од главната благајна за материјални трошоци; – изготвува благајнички извештај, го предава дневниот пазар во главната благајна; – подига готови пари во денари и девизи; – контрола и исплата на патни налози, исплата на аванса службени патувања, исплата на сметки во готово заситни набавки на материјали и сл.; – води хронолошка евиденција во помошните книги наблагајната (каса прими и каса исплати);
Одговара пред	Раководител на сектор

1.1. Сектор за материјално финансиски работи и сметководство

Реден број и шифра	9. ЗДР 01 02 Г03 011
Звање на работно место	Референт-фактурист
Назив на работно место	Референт-фактурист
Број на извршители	2
Вид на образование	Вишо / средно економско
Други посебни услови	
Работни цели	Да се постигнат оптимални резултати во доменот на

	работењето
Работни задачи	– изработува фактури за извршени здравствени услуги, според медицинската документација, најдоцна до 10-ден во месецот, за предходниот месец; – изготвува спецификации на фактури по видови на осигурувања и истите ги доставува до подрачните служби на ФЗО; – води книга на фактури; – води поштенска книга за испратени фактури; – контактира со пациенти по повод комплетноста на здравствената документација; – изготвува статистички извештаи и други извештаи за потребите на Клиниката ; – изготвува спецификација за интерните фактури и се слага по истите; – ја прима документацијата од амбулантското и болничко работење и ги фактурира услугите и составува документ за нивниот износ; – изготвува извештаи кои се однесуваат на фактурираните болнички и амбулантски услуги (месечни, квартални, семестрални и годишни); – го заменува благајникот во работи и работни задачи што се одредени со описот на работите за тоа работно место;
Одговара пред	Раководител на сектор

1.2. Сектор за правно, кадрово и помошно-техничко работење

Реден број и шифра	10. ЗДР 01 02 Б02 002
Звање на работно место	Раковидител на сектор за административни и правни работи
Назив на работно место	Раковидител на сектор за правно, кадрово и помошно-технички работење
Број на извршители	1
Вид на образование	правни науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	Самостојно извршување на задачи од делокругот на правните работи Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	– ги следи прописите од областа на РО, законот за здравствена зштита, заштита на работниците на работното место, дисциплинска и материјална одговорност и канцелариско работење; – учествува во изготвувањето на општи акти од посебен и заеднички интерес;

	– на барање на директорот и стручниот колегиум на клиниката дава правни мислења за разни правни прашања; – изготвува работен материјал за нормативни акти; – ја следи примената на нормативните акти и дава иницијатива за нивно менување и дополнување; – изработува одлуки ,решенија и заклучоци донесени од органите на Клиниката; – врз основа на полномошно ја застапува Клиниката надлежни органи и институции; – спроведува постапки за утврдување на повреда на редот и дисциплината; – перманентно следење на прописите од доменот на работењето на Клиниката и за истото го известува директорот на Клиниката; – следи стручна и правна литературе;
Одговара пред	Директорот

1.2. Сектор за правно, кадрово и помошно-техничко работење

Реден број и шифра	11. ЗДР 01 02 В01 003
Звање на работно место	Советник за правни работи
Назив на работно место	Правник
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	Положен правосуден испит
Работни цели	Самостојно извршување на задачи од делокругот на правните работи Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето

Работни задачи	– ги следи прописите од областа на РО, законот за здравствена зштита, заштита на работниците на работното место, дисциплинска и материјална одговорност и канцелариско работење; – учествува во изготвувањето на општи акти од посебен и заеднички интерес; – на барање на директорот и стручниот колегиум на клиниката дава правни мислења за разни правни прашања; – изготвува работен материјал за нормативни акти; – ја следи примената на нормативните акти и дава иницијатива за нивно менување и дополнување; – изработува одлуки ,решенија и заклучоци донесени од органите на Клиниката; – врз основа на полномошно ја застапува Клиниката надлежни органи и институции; – спроведува постапки за утврдување на повреда на редот и дисциплината; – перманентно следење на прописите од доменот на работењето на Клиниката и за истото го известува директорот на Клиниката; – следи стручна и правна литературе;
Одговара пред	Раководител на сектор

1.2.Сектор за правно, кадрово и помошно-техничко работење	
Реден број и шифра	11-а ЗДР 01 02 В01 005
Звање на работно место	Советник
Назив на работно место	Советник за меѓународна соработка
Број на извршители	1
Вид на образование	Наука за јазикот (Лингвистика), правни науки, економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Самостојно извршување на задачите кои се вршат во секторот поврзани со меѓународна соработка
Работни задачи	- обезбедува редовна и континуирана комуникација и координација со релевантните институции, - ја следи имплементацијата на проектите, врши програмска и финансиска евалуација на спроведувањето на проектите, ги проценува проектните резултати; - учествува во подготовката на годишните планови за соработка со меѓународните организации и се учестува во спроведувањето на активностите - организира и подготвува технички состаноци, средби и

	други настани - дава стручни мислења во својот домен на работа; - прибира информации и податоци за анализа, развива и имплементира проекти, доставува информации за статусот на проектите ,формира и одржува дата база на податоци за проектите; - учествува во подготовка и пишување на проекти, стручни преводи на документација и стручна литература на англиски и албански јазик - Креира записници од стручни состаноци, - Учестува во работни групи за публикации
Одговара пред	Директорот

1.2. Сектор за правно, кадрово и помошно-техничко работење

Шифра	12. ЗДР 01 02 В01 006
Звање на работно место	Советник за информатички работи
Назив на работно место	Информатичар
Број на извршители	1
Вид на образование	Математика, Информатика, Компјутерска техника и информатика
Други посебни услови	
Работни цели	Одржување на компјутерска опрема и софтверско одржување
Работни задачи	- Овластен е да работи со базите на податоци според Законот за заштита на лични податоци во врска со што има потпишано изјава за доверливост и тајност на личните податоци; - Се грижи за техничките и организациски мерки за заштита на лични податоци во согласност со Правилникот за технички и организациски мерки; - Ја одржува опремата и ги отклонува недостатоците во функционирањето; - Ја хостира веб страната; - Го одржува во исправна состојба софтверот и хардверот за работа на сите одделенија; - Изработува и подготвува слајдотека и друг вид на визуелни форми на едукација; - Врши компјутерска подготовка на текстови за предавање (фолии, PP презентации и сл.)
Одговара пред	Раководителот на секторот

1.2.Сектор за правно, кадрово и помошно-техничко работење	
Реден број и шифра	12-а ЗДР 01 02 В04 001
Звање на работно место	Помлад соработник за административно-технички

	работи
Назив на работно место	Помлад соработник за административно-технички работи
Број на извршители	1
Вид на образование	Наука за јазикот (Лингвистика), правни науки, економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	-Административна подршка - Одговорна за комуникација писмена преку официјална е маил адреса на Клиниката -Водење на записници од Стручен Колегиум -Водење на записници од Управен одбор - Водење записници од други официјални состаноци на Директорите -Преведување и техничко уредување на официјални документи - Интернет истражувања за истражувачки и други цели на Директорите и Клиниката -Административно водење на процесите за акредитација на Клиниката -Административно водење на процесите за ИСО и др.вид на стандардизација на Клиниката -Административно водење на проекти -По потреба комуникација со државни институции -Административно водење на процесите за изготвување на актите за систематизација - Креирање на други административни документи по насока на претпоставениот
Одговара пред	Директорот

1.2. Сектор за правно, кадрово и помошно-техничко работење

Реден број и шифра	13. ЗДР 01 02 Г01 001
Звање на работно место	Технички секретар
Назив на работно место	Секретар на директорот
Број на извршители	1
Вид на образование	Вишо/ средно гимназија, средно економско училиште, или правен смер
Други посебни услови	
Работни цели	Помага во техничките работи на директорот

	Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	- врши административно - технички работи на Директорот - ја води целокупната кореспонденција на директорот на Клиниката - прима и доставува барања за конзилијарни прегледи; - по налог на директорот, организира протокол за - престој на гости на Клиниката; - прима странки и ги пријавува кај директорот и закажува состаноци; - одговара на телефонски повици и факс пораки; - ја координира промената на дежурства и смени на лекарите по доставените промени во рспоредот; - изготвува материјали за работа по предлог на Директорот и - врши дактилографско работење и канцелариска работа;
Одговара пред	Директорот

1.2. Сектор за правно, кадрово и помошно-техничко работење

Реден број и шифра	14. ЗДР 01 02 Г03 014
Звање на работно место	Референт за кадрова евиденција
Назив на работно место	Референт за кадрови работи
Број на извршители	1
Вид на образование	Вишо/средноправно/економско
Други посебни услови	
Работни цели	Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	– изготвува потребна документација при засновање на работен однос; – ја организира и обработува кадровската документација (матична книга, досија, пријава за потреба од работник, за засновање на работен однос, за престанок на работен однос како и потребни пријави за здравствено, пензиско и социјално осигурување; – обработените пријави и одјави на работниците ги предава односно комуницира со надлежните органи; – изготвува потребна документација за остварување на права од здравствено,пензиско и социјално осигурување за работниците и води евиденција за истото; – изготвува потребна документација при престанок на работен однос; – поднесува пријави за несреќа на работа до надлежните служби; – изготвува потребна документација на вработените за остварување на

	– право од здравствено,пензиско и инвалидско осигурување; – изготвува решенија за годишен одмор и за платено отсуство од работа и води евиденција за истото; – изготвува посебни акти за плата на вработените: договори за вработување, нивни анекси, одлуки, решенија и потврди од областа на работните односи;
Одговара пред	Раководител на сектор

1.2. Сектор за правно, кадрово и помошно-техничко работење

Реден број и шифра	15. ЗДР 01 02 Г01 014
Звање на работно место	Архивар II
Назив на работно место	Архивар II
Број на извршители	1
Вид на образование	Вишо/средно правно/економско
Други посебни услови	
Работни цели	Реализирање и спровадување на работни задачи и должности од делокругот на архивското работење. Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	– Ја води архивата согласно уредбата за канцелариско работење, и други прописи во врска со архивата - прима , заведува и распоредува секојдневно пристигната пошта . - заведува сите поднесоци пристигнати од трети лицаили вработени во Клиниката . - ракува со печатот и одговара за злоупотреба на истиот; - архивира предмети и се грижи за чување на архивскиот материјал . - се грижи за благовремено доставување на материјалите до делегатите и службените лица на самоуправните органи; - го води деловниот протокол и интерните доставни книги, согласно со уредбата за канцелариско работење . - води евиденција и ги правда потрошените средства за поштенски пратки, картички и др. трошоци во врска со експедиција на поштата или пратките . - учествува во изработка на архивската граѓа, благовремено и уредно - се грижи секојдневно поштата да биде благовремено примена, распоредена и експедирана
Одговара пред	Раководител на сектор

1.2. Сектор за правно, кадрово и помошно-техничко работење

Реден број и шифра	16. ЗДР 01 02 Г03 015
Звање на работно место	Референт за евиденција на набавки,дистрибуција и складирање на материјал
Назив на работно место	Референт за евиденција на набавки,дистрибуција и складирање на материјал
Број на извршители	1
Вид на образование	Вишо или средно стручно или гимназиско образование
Други посебни услови	
Работни цели	Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	- прави прием на основните средства на Клиниката (купени или добиени по други основи); - издава соодветен документ за задолжување на оддели или лице што ќе го користи основното средство; - го распоредува приемниот материјал по видови и составува прием; - врз основа на требување издава потрошен материјал и ситен инвентар; - води аналитичка евиденција за примените и издадените материјали по видови и количини; - води месечни спецификации на издадени материјали / по видови и количина / и ја предава на материјалниот книговодител; - врши усогласување на својата евиденција со евиденцијата на материјалниот книговодител за понатамошна обработка; - врши усогласување на својата евиденција со евиденцијата на материјалниот книговодител 6 пати годишно; - врши компјутерска евиденција за влез и излез на потрошниот материјал на Клиниката и мрежно поврзување со одделенијата и др.единици на Клиниката во единствен интегриран болнички систем на барање на Директорот на Клиниката прави извадок од евиденцијата на работното време од електронскиот мерач на работното времена вработените; - врши надзор над противпожарната опрема и системот за централно снабдување на Клиниката со кислород инсталиран на Клиниката (покуса базична обука);
Одговара пред	Раководител на сектор

1.2. Сектор за правно, кадрово и помошно-техничко работење

Реден број и шифра	17. ЗДР 01 02 Г03 005
Звање на работно место	Референт-администратор шалтерски работник
Назив на работно место	Референт-администратор шалтерски работник

Број на извршители	16
Вид на образование	Вишо или гимназиско образование
Други посебни услови	
Работни цели	Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	- води деловоден протокол за амбулантски прегледи на пациенти и за прием на пациенти на болничко лекување; - изготвува болнички истории, неделни, месечни и годишни статистички извештаи и др. прегледи за ДРГ програмот ; - врши проверка на исправноста и комплетноста на документацијата на пациентите и укажува на евентуалните пропусти; - врши пресметка и наплата на приватни сметки и на партиципација; - секојдневно ги предава собраните средстваод партиципација на осигурените лица и средства од приватни пациенти во благајната на Клиниката;
Одговара пред	Раководител на сектор

1.2. Сектор за правно, кадрово и помошно-техничко работење

Реден број и шифра	18. ЗДР 04 04 А02 001
Звање на работно место	КВ работник-сервирка и др.
Назив на работно место	КВ работник-сервирка и др.
Број на извршители	5
Вид на образование	Средно
Други посебни услови	со/без раб.искуство
Работни цели	Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	- врши дистрибуција на храна за болни од кујна до одделение; - врши сервирање и делење на храна на болни; - по завршување на оброкот го сопира приборот за јадење и одржува хигиена на помошните масички при одделенијата; - одржува хигиена на приборот за јадење; - задолжена е со приборот за јадење;
Одговара пред	Раководител на сектор

1.2. Сектор за правно, кадрово и помошно-техничко работење

Реден број и шифра	19. ЗДР 04 05 Б05 002
Звање на работно место	КВ работник
Назив на работно место	КВ работник – Транспортер
Број на извршители	18
Вид на образование	Средно
Други посебни услови	со/без раб.искуство
Работни цели	Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	- врши транспорт на пациенти до други клиники и институти за спроведување на потребни медицински иследувања; - врши поместување на непокретни пациенти; - врши пренос на апарати, опрема и други работи во и надвор од Клиниката; - допремува лекарства, медицински и средства и друг потрошен материјал за потребите на Клиниката; - носи материјал за медицински испитувања на други клиники и ги зема резултатите; - ги придружува подвижните пациенти за медицински иследувања на други клиники и институти; - врши транспорт на починати пациенти од клиниката до капела;
Одговара пред	Раководител на оддел

1.2. Сектор за правно, кадрово и помошно-техничко работење

Реден број и шифра	20. ЗДР 04 02 А04 001
Звање на работно место	Портир (вратар)
Назив на работно место	Портир (вратар)
Број на извршители	2
Вид на образование	Основно/средно
Други посебни услови	со/без раб.искуство
Работни цели	Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
Работни задачи	- Го контролира влезот и движењето на странки на клиниката; - Го контролира внесувањето и изнесувањето на предмети од Клиниката; - Дава информации на странки ; - Се грижи за правилно одвивање на посетите на болните; - Го чува целокупниот имот на Клиниката од кражби и оштетувања; - Обезбедува мирни спокој на болните и персоналот; - Во попладневните и ноќни работи врши задачи и на транспортер
Одговара пред	Раководител на сектор

1.2. Сектор за правно, кадрово и помошно-техничко работење

Реден број и шифра	21. ЗДР 04 05 А02 001
Звање на работно место	Перач
Назив на работно место	Перач
Број на извршители	2
Вид на образование	Основно/Средно
Други посебни услови	со/без раб.искуство
Работни цели	Да се постигнат оптимални резултати во доменот на работењето
